Бр. 01-575/1
Скопје, 20.12.2024

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА 2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

Корупција е динамична појава која има форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативни ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварување на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Во Законот за спречување на корупција на корупција и судирот на интереси под корупција се подразбира: „злоупотреба на функција, јавно овластување, службена должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Интегритетот и корупцијата се две спротивни појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Извештаите на Европската комисија за напредок на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолни состојби во справување со корупцијата. Истражувањето на перцепција на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста о нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искористување.

Борбата против корупција не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на цело општество и иницијативноста на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Комисијата за односи со верските заедници како самостоен орган на државна управа со должно внимание и посветеност ќе ги третира сите облици на јакнење на капацитетите за справување со можностите за појава на корупцијата на сите нивоа.

## 1. ШТО Е КОРУПЦИЈА

Во најширока смисла на зборот, корупција е искористување на службената положба за приватни цели. Ова значи дека кога постои корупција вршењето на јавни овластувања и работи од јавен интерес добива карактер на вршење определени услуги само за граѓани што можат да платат.

Поединецот кој корумпирано се однесува, преку злоупотреба на својата положба се здобива со материјална или нематеријална корист(одредени поволности), која може да биде наменета за него или за друг. На овој начин, одредени лица, недозволиво стекнуваат корист, додека на други им е отежнато остварувањето на некое право, кое инаку им следува по законски пат. Од корупција корист може да имаат две страни во еден однос, а штетата да биде последица по пошироката општествена заедница.

## 2. ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата. Меѓу позначајните се: Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Закон за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедница во борба против корупцијата се донесени Конвенцијата на Обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција. Р. С. Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## 3. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи не толерира коруптивно однесување, односно: искористување на функција, јавно овластување, службена должност и положба, за остварување каква било корист за вработениот или негов близок. Исто така, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи не толерира каква било друга форма на неетичко и неморално однесување забрането со закон и спротивно на етичкиот кодекс на однесување.
- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е одговорен за проценка и остранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, кражење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување.
- Вработените во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да ѝ бидат лојални на својата организација, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за

нејзиниот углед во јавноста без разлика дали се наоѓаат на работно место или не и тоа во секое време.

- Вработените се должни да пријават какво било коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж за корупција и/или друго неетичко однесување.
- Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поткупувани на незаконски или неетички дејствија треба, на културен начин, да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. При тоа, вработениот треба да ги појасни деталите, вклучително - времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.
- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаните процедури, против него ќе биде покрената соодветна постапка.
- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои се вработени во Комисијата е должност на секого. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност.
- Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко и незаконско однесување на вработени во Комисијата мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта, да го информираат овластеното лице во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.
- На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи.
- По анонимни пријави ќе се постапува само доколку содржат доволно податоци кои што ќе обезбедат утврдување на фактичката состојба.
- Коруптивните однесување се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска политика, задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка, која што не исклучува и кривична одговорност.
- По добивање на пријава за поткуп, корупција и судир на интереси, институцијата ќе ги собере сите потребни информации за соодветниот случај и ќе испрати пријави до Државната комисија за спречување корупција во печатена форма или по електронски пат.
- Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела на полицијата, обвинителството или Државната комисија за спречување корупција.
- Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина, го гарантира правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување.
- Доколку се докаже дека лицето тендециозно или злонамерно пријавило и/или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени соодветни мерки за

одговорност.

## 4. ОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА ВО КОВЗРГ И МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА

Начинот на работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи (КОВЗРГ), надлежностите, видот на овластувања, буџетските средства и нивното располагање, дискреционите овластувања, специфичниот деловен опфат, структурата и слично, при темелна анализа упатуваат на заклучокот дека доколку ризиците за појава на корупција би можеле теоретски да ги поделиме на три категории високи, средни и ниски, во КОВЗРГ истите се ниски.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи во ваква состојба ќе тежнее со највисоко ниво на деловна етика, објективност и сериозност, ваквите ризици да ги одржува како ниски, да ги контролира и преку доследна примена на сите правни механизми да ги сведе на минимум.

Оттаму, Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи ќе спроведува:

1. Доследна примена на усвоената процедура за вршење на јавни набавки, која ќе овозможи дополнителни механизми со кои се отстрануваат можностите за субјективен фактор во процесот на набавки, а се истакнува како доминантен институционалниот интерес кој се штити преку објективна постапка.
2. Доследна примена на Упатството за евидентирање, за движењето, за начинот на контрола и на плаќањето на фактурите, кое овозможува дополнителна проверка при процесот на набавки и исплати, со што се влијае позитивно на намалувањето на ризиците од појава на злоупотреба.
3. Доследна примена на Правилникот за готовинско благајничко работење и Правилникот за користење на службената картичка за плаќање кои го уредуваат системот за благајничкото работење каде за секој потрошен денар се евидентира потребата за трошокот и се одобрува од повеќе вклучени лица.
4. Доследна примена на Правилникот за користење на средствата за репрезентација во КОВЗРГ, кој го уредува трошењето на средства со дополнителни механизми за контрола, во согласност со највисоките етички норми за транспарентност и штитење на институционалниот углед и интерес.
5. Доследна примена на Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од Владата и Кодексот за административни службеници кои наметнуваат обврска за примена на највисоки стандарди за деловна етика.
6. Постојано зајакнување на системот за заштита на укажувачите и заштита на внатрешното пријавување преку доедукација на вработените лица, а особено на лицето кое е овластено за прием на пријавите и заштита на укажувачите во Комисијата, чие име е јавно достапно.
7. Зајакнување на свесноста на вработените и подобрување на респонзивноста при добиено барање за информации од јавен карактер.
8. Развој и поддршка на системот за прием и постапување по добиени претставки од граѓаните.


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk
КОВЗРГ
Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

9. Надзор на спроведувањето на задолжението со кое се определени лицата кои имаат обврска неколку пати во текот на денот секој ден да ги проверуваат добиените е маил пораки од физички и правни лица на официјалните е маил адреси на Комисијата, како и овозможување на брз и квалитетен одговор во согласност со Законските овластувања.
10. Користење на заклучоците од направената Функционална анализа при одлучување за различни развојни прашања на институцијата.
11. Постајани обуки и едукација за вработените лица во Комисијата преку кои се јакнат познавањата за позитивно- правната материја која се однесува и на одговорното, отчетно и транспарентно работење и на важноста од сузбивање на појавата на корупција на сите нивоа во јавниот сектор.
12. Зајакнат механизам при издавањето на правни акти кои се однесуваат на надворешни барателиа на услуги, односно одобренија за престој на странски лица и мислења за дадени донации, покрај лицето кое е одговорно да ги изготви, да ги проверат и контролираат уште две лица од редот на вработените административни службеници, односно раковнодни административни службеници пред да ги потпише одговорното лице, со цел исклучување на можноста од усвојување на решение кое не е во согласност со законите.
13. Годишен пресек на колегиум за анализа на придобивките од сите претставени механизми и соодветно надградување на следниот годишен извештај, со оглед на тоа што предизвиците можат да се менуваат, но силната волја за сузбивање на сите можности за коруптивно постапување мора да биде постојана.
14. Доследна примена на Правилникот за уредување на правила за постапување во согласност со член 24 од Законот за лобирање при што сите службени лица вработени во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, без исклучок, имаат обврска да го почитуваат.

**Директор,**

**Оливера Трајковска**


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија